Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законост за високо образование, (Сл.весник број 82/2018) , член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) како и член 44 од Статутот на Факултетот за драмски уметности – Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, (Универзитетски гласник бр.455/2019), в.д. Деканот на Факултетот за драмски уметности – Скопје на 07.04.2023 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 15-145/2
07.04.2023 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

## за продолжување на рокот за поднесување на кандидатури на избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултет за драмски уметности во Скопје

**Член 1**

Се донесува одлука за продолжување на рокот за поднесување на кандидатури за избори на претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за драмски уметности во Скопје.

Рокот за поднесување на кандидатури за избори на претседател и членови на ФСС се продолжува со оглед на фактот дека по распишувањето на изборите до утврдениот рок наведен во одлукта од 09.03.2023 година, не се поднесени доволен број на кандидатури од страна на студентите за членови и претседател на ФСС, со што не постои можност за спроведување на гласање.

**Член 2**

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат на ден **24.04.2022 година (понеделник)**, во период од 10.00 до 13.00 часот, на Факултетот за драмски уметности, со тајно гласање.

**Член 3**

Студентите сами се пријавуваат за кандидати за членови во Факултетското студентско собрание од соодветните студиски програми/студиски години.

Секој студент има право да предлага кандидат/и за ФСС.

Начинот на кандидирање и пријавување за членови на Факултетското студентско собрание важи и за кандидирање за претседател на ФСС и тоа со доставување на кандидатури преку архивата на ФДУ.

**Рокот за доставување на пријави е до 13.04.2022 година**

**Член 4**

Врз основа на доставените пријави, Изборната комисија ја донесува одлуката со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во факултетското студентско собрание најдоцна до 19.04.2023 година

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на web страната на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси.

в.д. **Декан,**
**Доц. м-р Сашо Кокаланов**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ Република Северна Македонија СКОПЈЕ

Доставено до: - архива, членови на Комисија, огласна табла, веб страна